Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за спорт
Ministria e sporteve

Бр. - Nr 14-552/4
16.03.2026 год. - viti
Скопје / Shkup

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

Архивски знак:
Рок на чување: _____ год.
_____ 201___ година
Потпис:

**Назив на инспекцијата која го врши инспекцискиот надзор**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО СПОРТОТ**

**ИП1 број 14-552/4**
**Од: 16.03.2026 година**

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

## Записник за извршен вонреден инспекциски надзор

**Инспекцискиот надзор е отпочнат на ден 13.03.2026 година со почеток во 12.00 часот**

Од страна на одделението за инспекциски надзор во спортот преку виш инспектор за спорт Димитар Терзиев со број на службена легитимација 27-0001 изврши инспекциски надзор над работењето на Спортската сала Партизан во Општина Дебар ЕМБС 5993237 и ЕДБ 4008004103616

**Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

Наредба со број 14-552/1 од 09.03.2026 година издадена од Министерот за спорт, за исполнување на условите за вршење спортска дејност, начинот на одржување и користење на објектите за спорт и исполнување на условите за функционалност, опремувањето и безбедноста на објектите за спорт, во однос на примената на Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25), и Уредбата за начинот на користење на објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија и единиците на локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 27/16) и Уредбата за класификација на објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 27/16, 29/16 и 243/23).

**При инспекцискиот надзор се употребени листи за порверка:** ДА **НЕ**

**Извршено е легитимирање на инспекторот со службена значка и легитимација.**

**При инспекцискиот надзор е утврдена следната фактичка состојба (наод на фактичка состојба):**

Врз основа на увидот на лице место на Спортската сала Партизан во Дебар, приложената и дополнително доставената документација, како и изјаснувањето на Секретарот на Општина Дебар и Малик Диша Советник за култура и спорт во Општина Дебар и телефонскиот разговор со Дрилон Леши претставник на закупувачот на спотската сала, во однос на предметот и опфатот на инспекцискиот надзор, утврдена е следната фактичка состојба:

1. Спортската сала Партизан во Дебар запишана е во Имотен Лист број 100750, КО ДЕБАР 2 на КП 7914 во сопственост на Република Северна Македонија, со прибележан договор за закуп со деловен

простор и дворно место што се наоѓа на кп бр. 7914 во ил. Бр. 1160 КО Дебар 2 со површина на деловен простород 173,19 м2, дворно место и објект со површина од 606,83 м2, Закуподавач - Република Македонија преку Јавно претпријатие за стопанисување со спортски објекти Скопје, Закупувач – ДРИЛОН-ДЛ ДООЕЛ Дебар со ЕМБС 5641276 и ЕДБ 4008002102671.
Во Имотниот лист за објектот нема соодветно запишана намена Д-3 односно спортски терени или спортски и рекреативни објекти, а согласно Член 61 став 1 од Законот за спортот, објекти за спорт, се сметаат уредени површини и објекти кои се во функција на вршење на спортските активности, а Согласно член 61 став 4 од истиот закон, објектите за спорт во сопственост на Република Македонија, во сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје не смеат да се рушат, пренаменуваат за друга дејност освен за дејноста спорт и истите не смеат да се отуѓуваат на трети лица.

**2.** Инспекторот не беше во можност да влезе Спортската сала во моментот на инспекцискиот надзор бидејќи истата беше заклучена.
Надлежните лица од Општина Дебар укажаа дека општината не стопанисува со Спортската сала ДГС Партизан во Дебар и дека со салата стопанисува други лица, по што воспоставија телефонски контакт со лицето Дрилон Леши кое стопанисува со спортската сала.
Дрилон Леши рече дека со спортската сала стопанисува фирмата Дрилон-ДЛ врз основа на договор за закуп со Јавно претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија, во моментот не е во Дебар и не е во можност да дојде и да ја отклучи салата, укажа дека салата е руинирана и не е во функција на спортски и спортско рекреативни активности, и на барање на инспекторот електронски го достави договорот за закуп на Спортската сала ДГС Партизан во Дебар, склучен помеѓу Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија како Закуподавач и ДРИЛОН-ДЛ ДООЕЛ Дебар како Закупувач, заведен во Јвното претпријатие со арх. број 03-540 од 18.10.2019 година и заведен во ДРИЛОН-ДЛ ДООЕЛ со арх. број 0402-14/1 од 18.10.2019 година.

Согласно член 61 став 2 од Законот за спортот објектите за спорт можат да бидат во сопственост на Република Македонија, во сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и во приватна сопственост, а согласно ставот 3 од истиот член објектите за спорт во сопственост на Република Македонија можат да бидат од национално и локално значење.
Согласно 63 став 2 Владата на Република Македонија, на предлог на органот на државната управа надлежен за работите од областа на спортот, донесува Уредба за класификација на објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија.
Спортската сала ДГС Партизан - Дебар претставува објект за спорт од локално значење согласно Уредбата за класификација на објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 27/16, 29/16 и 243/23).

Согласно Член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот („Службен весник на РМ" бр. 148/13) кој стапил на сила на „1 мај 2017 година" согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот, („Службен весник на РМ" бр. 106/16)
Со денот на започнувањето на примената на овој закон, објектите за спорт од локално значење во сопственост на Република Македонија, се пренесуваат во сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје согласно со одредбите од овој закон. Владата на Република Македонија донесува одлука за пренесување на правото на сопственост на објектите за спорт

EGZEMPLAR

класифицирани од локално значење на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, согласно со Уредбата од членот 63 став 2 од овој закон.
Со денот на започнувањето на примената на овој закон сите права и обврски поврзани со објектите за спорт од локално значење ги презема соодветната општина на која е пренесено правото на сопственост на објектот за спорт од локално значење.
Согласно Член 65 став 1 од законот за спортот со објектите за спорт што се во сопственост на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, стопанисуваат единиците на локалната самоуправа, на начин утврден со закон.

Врз основа на наведеното со Спортската сала ДГС Партизан Дебар согласно закон треба да стопанисува Општина Дебар и согласно датумот „1 мај 2017 година“ на стапување на сила Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот („Службен весник на РМ“ бр. 148/13), Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија не можело да склучи договор за закуп на Спортската сала ДГС Партизан Дебар во 2019 година, а дополнително согласно член 65 ста 3 алинеја 1 Општините ги даваат на користење деловите од објектите за спорт што се во функција на спортот на субјекти во спортот и на други субјекти за изведување на спортски активности, а согласно Уредбата за начинот на користење на објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија и единиците на локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 27/16) и истите не се даваат во закуп.

Одржувањето и функционирањето на постојните објекти за спорт е јавен интерес во областа на спортот во надлежност на Републиката согласно член 22 став 1 алинеја 5 од законот за спортот.

3. Записникот е составен во службените простории на инспекцијата, согласно член 65 став 3 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Севрна Македонија“ број 135/25 и 269/25).

**При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности:**

1. Во Имотниот лист број 100750, КО ДЕБАР 2 на КП 7914 за спортската сала ДГС Партизан Дебар нема соодветно запишана намена Д-3 односно спортски терени или спортски и рекреативни објекти, согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистилки планирање („Службен весник на Република Македонија“ број 142/15) во однос на Член 61 став 1 од Законот за спортот
2. Не е пренесена сопственоста и не се преземени правата и обврските на Спортската сала ДГС Партизан Дебар согласно член 14 од Законот за изменување и дополнување на Законот за спортот („Службен весник на РМ“ бр. 148/13)
3. Општина Дебар не стопанисува со спортската сала ДГС Партизан која е објект за спорт од локално значење запишан во Уредбата за класификација на објектите за спорт од национално и локално значење во сопственост на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 27/16, 29/16 и 243/23).
4. Договорот за закуп на Спортската сала ДГС Партизан во Дебар склучен помеѓу Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија како Закуподавач и ДРИЛОН-ДЛ ДООЕЛ Дебар како Закупувач, заведен во Јвното претпријатие со арх. број 03-540 од 18.10.2019 година и заведен во ДРИЛОН-ДЛ ДООЕЛ со арх. број 0402-14/1 од 18.10.2019 година, согласно законот за спортот склучен е од ненадлежен орган.

EGZEMPLARI ARKIVOR

**Република Северна Македонија**
**Министерство за спорт**

**Заради отстранување на неправилностите ќе се изречат следните мерки:**

Врз основа на наведените утврдени неправилности, вишиот инспекторот за спорт кој го изврши инспекцискиот надзор ќе се изрече инспекциска мерка Решение, соглсно член 68 став 1 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Севрна Македонија" број 135/25 и 269/25) и член 71 став 1 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија" број 29/2002, 66/2004, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15,6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 52/19, 98/19, 244/19, 53/24, 74/24, 170/24 и 59/25).

**По завршување на инспекцискиот надзор записникот беше презентиран пред претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор: ДА** НЕ

**Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор ги даде следните забелешки во однос на наводите од записникот:**

____________________________________________________________
___________________________________________________________.

**(датум, име, презиме, функција и потпис на претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор)**

___________________________________________________________.

**Претставникот на субјектот на инспекцискиот надзор одбива да го потпише записникот заради следните причини:**

____________________________________________________________
___________________________________________________________.

**Инспекцискиот надзор е завршен на ден 16.03.2026 година во 15.30 часот.**

**Прилози кон записникот:**

- Тековна состојба Општина Дебар
- Имотен Лист број број 100750, КО ДЕБАР 2 на КП 7914
- Договор за закуп на Спортската сала ДГС Партизан во Дебар склучен помеѓу Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Македонија како Закуподавач и ДРИЛОН-ДЛ ДООЕЛ Дебар како Закупувач

**Име, презиме, вид на инспектор, број на службена значка и легитимација, потпис на инспекторот и печат на инспекцијата:**

**Димитар Трзиев, Виш инспектор за спорт, број на службена легитимација 27-0001**__________.

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ - MINISTRIA E SPORTIT
I
Скопје - Shkup

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR